Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/1, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/19), Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден 13.11.2019 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

**Член 1**

Во Правилникот за систематизација на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен број 0101-1577 од 24.09.2015 година и правилниците за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места: 0101-435 од 29.02.2016, 0101-1161 од 14.06.2016, 0101-1253 од 24.11.2017, 0101-430 од 26.03.2018, 0101-193/2 од 28.01.2019, 0101-1206/2 од 30.08.2019, 0101-193/5 од 13.11.2019 во глава IV Опис на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, работното место под реден број 58, со шифра УПР 01 01 Г01 000, Самостоен референт – архивар во делот „Вид на образование“ се менува и гласи: „Гимназиско образование или средно-текстилно училиште или средно економско-правно училиште - деловен секретар или економски техничар или вишо образование“.

**Член 2**

Во глава IV Опис на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, работното место под реден број 61 со шифра УПР 01 01 Г04 000, Помлад - референт за архивско работење во делот „Вид на образование“ се менува и гласи: „Гимназиско образование или средно економско-правно училиште - деловен секретар или економски техничар или вишо образование“.

**Член 3**

Во глава IV Опис на работните места во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, работното место под реден број 66 со шифра УПР 01 01 Г03 000 Референт за упатување на граѓани/странки во делот „Вид на образование“ се менува и гласи: „Гимназиско образование или средно економско-правно училиште - деловен секретар или економски техничар или вишо образование“

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 0101-193/7
29.11.2019 година

Раководно лице на орган/институција